**Предмет: Информации за реализација на натпреварите по математика во основно и средно образование во учебната 2023/2024 година**

Почитувани,

Начинот за организирање и спроведување на натпреварите детално се опишани во Правилникот за организирање и изведување на натпреварите по математика во основно образование,
https://smm.org.mk/wp-content/uploads/2023/12/pravilnik-osnovno-2023.pdf
односно Правилникот за организирање и изведување на натпреварите по математика во средно образование
https://smm.org.mk/wp-content/uploads/2020/08/pravilnik-sredno-2020.pdf
(во понатамошниот текст: Правилници за натпревари).
Во продолжение се уште неколку информации околу начинот на пријавување на учениците за натпреварите по математика:

1. **Пријавувањето на учениците за општинските натпревари за основно и средно образование го вршат училиштата, преку назначен наставник координатор од училиштето, најдоцна до 28.01.2024 година преку пополнување excel табелата (во прилог)** со учесници на општинскиот натпревар која се испраќа на адресите подолу:
- Obrazec Za Prijavuvanje_Sredno.xls
за средно образование на smm.sredno@gmail.com
- Obrazec Za Prijavuvanje_osnovno.xls
за основно образование на natprevari.smm2024@gmail.com.
Котизацијата од 200 денари за општинскиот натпревар се уплаќа на сметката на СММ која може да се најде на веб страницата на СММ, а со цел на дознака Котизација за општински натпревар за основно, односно средно образование. Уплатниците од извршената уплата треба да се испратат заедно со образецот за пријавување на наведената адреса.

Согласно одлука на Управниот одбор, вкупниот број на пријавени ученици од едно основно училиште на општинскиот натпревар, не треба да надминува 10% од вкупниот број на ученици во училиштето. Списоците со пријавени ученици за општинските натпревари ќе бидат јавно објавени на веб страницата на СММ.

**Општинскиот натпревар ќе се одржува во секое училиште поединечно, во петок, 2.02.2024 година, со почеток во 12.00 часот. Задачите ќе бидат доставени до координаторот на денот на натпреварот. Задолжително треба да е назначен наставник координатор кој ќе е одговорен за материјалите за натпреварот.**
Изборот на задачи за натпреварите е должност на комисијата за општински, регионални и државни натпревари за основно односно средно образование.
Согласно претходно востановената практика, за општинските и регионалните натпревари комисијата има обврска да изврши избор на 2 (од вкупно 4) задачи од објавените задачи од рубриката конкурсни задачи од списанието НУМЕРУС, како и две задачи по слободен избор за основното образование. За учениците од четврто одделение изборот ќе се врши од двата овогодишни броја на Нумерус, а за останатите години ќе се користат сите броеви на Нумерус од почетокот на основното образование на учениците (на пример, за 6 одделение од оваа и претходните две учебни години). Притоа, ќе се користат само изданијата на Нумерус почнувајќи од учебната 2019/2020 година.
За средно образование, за општинските и регионалните натпревари комисијата има обврска да изврши избор на 2 (од вкупно 4) задачи од објавените задачи од рубриката Задачи од училницата и рубриката Задачи од списанието СИГМА, како и две задачи по слободен избор. За учениците од прва година изборот ќе се врши од двата овогодишни броја на СИГМА, а за останатите години ќе се користат сите броеви на Сигма од почетокот на средното образование на учениците.

Според Правилниците за натпревари, Комисијата за прегледување на задачите на општинските натпревари е составена од наставници по предметот математика во основните, односно средните училишта и одделенските наставници. Секое училиште кое учествува на натпреварот е должно да ги прегледа тетратките од општинскиот натпревар и да ги достави резултатите на официјалниот мејл. Сертификатите за учество, за ментори, пофалбите и дипломите за општинскиот натпревар ќе бидат електронски, т.е. ќе бидат испратени по e-mail на менторите и одговорните наставници.
Темите за натпреварите се објавени на веб страницата на СММ.

2. Ги охрабруваме основните и средните училишта да се пријавуваат за домаќини за регионалниот натпревар на адресата:

sojuz.na.matematicari@gmail.com (за основно образование),
smm.sredno@gmail.com (за средно образование)

најдоцна до **15.02.2024** година. Дел од уплатената котизација од учениците му се доделува на организаторот за тековни трошоци околу организација на општинскиот, односно регионалниот натпревар.
Околу деталите контактирајте го СММ (sojuz.na.matematicari@gmail.com).

3. Учениците кои ќе имаат право да учествуваат на регионалните натпревари според објавените списоци на ученици со право на учество на регионалните натпревари пополнуваат електронска пријава за потврдување на присуството, која се објавува на веб страницата на СММ. Котизацијата за регионалниот натпревар за учениците од 4 и 5 одделение изнесува 200 денари, за учениците од 6 одделение изнесува 250 денари, а за учениците од 7 - 9 одделение и I – IV година е 300 денари. Котизацијата се уплаќа на сметката на СММ која може да се најде на веб страницата на СММ, а со цел на дознака Котизација за регионален натпревар за основно, односно средно образование.

4. Учеството на државните натпревари и олимпијадите е бесплатно.

5. СММ и другите акредитирани здруженија од природно-математичкото подрачје, донесоа заеднички календар за реализација на натпреварите во основното и средното образование. Според тој календар натпреварите по математика се во следниве денови:

- НАТПРЕВАРИ ПО МАТЕМАТИКА ВО **СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ** ВО УЧЕБНАТА 2022/2023 ГОДИНА

Општински натпревар, 2.02.2024 година
Регионален натпревар, 2.03.2024 година
Државен натпревар, 30.03.2024 година.

- НАТПРЕВАРИ ПО МАТЕМАТИКА ВО **ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ** ВО УЧЕБНАТА 2022/2023 ГОД.

Општински натпревар, 2.02.2024 година
Регионален натпревар, 2.03.2024 година
Државен натпревар, 11.05.2024 година.

Претседател на СММ

Проф. д-р Ѓорѓи Маркоски

СОЈУЗ НА МАТЕМАТИЧАРИ НА МАКЕДОНИЈА
СМ М
СКОПЈЕ